**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# А Н Е К С
# Н А
# Б И Л Т Е Н

# Бр. 443

**ГОДИНА XXXIX, Битола, 13.08.2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник — М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор — Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

Д-р Гоце Маркоски, советник

Уредник — Д-р Гоце Маркоски

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО** **Стр.**

Реферат за избор на наставник од областа Вовед во правото (50800) ............................. 1

**Р Е Ф Е РА Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА ВОВЕД ВО ПРАВОТО**
**НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ- КИЧЕВО**

Врз основа на член 64 став 3 алинеја 7, член 125, член 131 и член 132 од Законот за високото образование, член 223 став 1 од Статутот на Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола, член 34, член 43, член 44 и член 45 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, наставни, научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола, а во врска со Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област „Вовед во правото" (50800) на Правниот факултет – Кичево, објавен во дневните весници Нова Македонија и Лајм, на ден 15.03.2018 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет - Кичево при Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола на седницата одржана на ден 23.07.2018 година донесе одлука бр. 02-423/4 за формирање на Рецензентска комисија во променет состав и тоа:

1. проф. д-р Димитар Бајалџиев - Претседател
2. проф. д-р Миодраг Мицајков – член
3. проф. д-р Борче Давитковски- член

Членовите на Рецензентската комисија по разгледување на добиените материјали предвидени со условите во распишаниот конкурс, и врз основа на член 125, член 132 став 5 и став 6 и член 133 од Законот за високо образование, член 47, член 48, член 49 и член 50 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет –Кичево му го поднесуваат следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс се пријави единствено кандидатот д-р Никола Тунтевски, Доцент во областа „Вовед во правото", во рамките на научното поле правни науки на Правниот факултет – Кичево.

**1. Биографски податоци на кандидатот**

Д-р Никола Тунтевски е роден на 15.11.1965 година во Битола, каде завршил основно и средно образование со континуиран одличен успех. Своето образование го продолжува на Правниот факултет во Битола, каде во 1989 година дипломира со **просечна оценка 9,22**, со што се стекнува со звањето **Дипломиран правник**.

Заради продлабочување на стручните и научните сознанија од областа на правните и политичките науки и исполнување на желбата за континуирана наобразба, се запишува на последипломските студии на Правниот факултет во Скопје на насоката Правно – теоретски науки, при што ги положува предвидените испити со **просечна оценка 9,50** и на 14.03.1997 година успешно го одбрани магистерскиот труд на тема „Социјално организирана држава-соодност помеѓу социјалната држава, државата на благосостојба и социјално-правната држава, со посебен осврт на социјалната држава во Република Македонија". Со тоа се стекна со звањето **Магистер на политички и правно - политички науки**.

На 20.12.2010 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, успешно го одбрани докторскиот труд на тема „Паралелни тенденции во транзиционите општества

- тоталитаризацијата како пречка за вистинска демократизација на општеството“ и се стекна со научниот степен **Доктор на правни науки**.

Во текот на своето образование, именуваниот бил корисник на неколку стипендии за млади научно – истражувачки кадри и за талентирани студенти.

Од 1992 год. е **вработен во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија – Сектор за внатрешни работи Битола**, каде во периодот од 1996 до 2008 година и од Ноември 2012 година до 30 Октомври 2013 година работел на работно место Главен инспектор - **Раководител на Отсекот за економски криминал во Секторот за внатрешни работи во Битола - Министерство за внатрешни работи на Република Македонија**.

Од 2011 год. е избран за **предавач на Академијата за обука на судии и обвинители во Скопје.**

На 17 Декември 2012 година добива „**Амбасадорска награда за владеење на правото**“ од Амбасадата на САД во Република Македонија. Во тој контекст, учествувал и на бројни други обуки, организирани од мисијата на ОБСЕ во Скопје, Американската Амбасада во Република Македонија и мисијата на Европската Унија во Скопје.

На 03.07.2013 година со решение на Министерот за правда бр.07-2173/2 е **вклучен во работната група за изготвување на измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка**.

Именуваниот е **член на Македонското научно друштво** во Битола од 19.06.2009 година, а од Јуни 2011 година е избран за **Претседател на Одделението за правни науки при Македонското научно друштво од Битола**.

Со договор за вработување од 01.11.2013 година кандидатот е вработен како **Доцент по предметот „Вовед во право“** на Правниот факултет во Кичево.

Кандидатот одлично го владее **англискиот јазик**, како и сите јазици од групата на јужнословенски јазици и има основни познавања од францускиот јазик.

Освен тоа, тој активно **ги користи компјутерските програми**: Microsoft Office tools (Microsoft Word, Microsoft Excel, Power Point, Corel Draw), SPSS (Social Package Statistical Software) за статистичка обработка на податоци во научните истражувања, како и други програми.

Во својот досегашен работен стаж Доц. д-р Никола Тунтевски има континуирано и активно учество во наставно-образовниот, научно-истражувачкиот и апликативниот процес, што се потврдува преку: наставните активности, истражувачките активности, објавените трудови, учествата на меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси, учества во проекти и слично.

**2. Наставно - образовна активност**

Со договор за вработување од 01.11.2013 година Доц. д-р Никола Тунтевски е вработен како **Доцент по предметот „Вовед во право“** на Правниот факултет во Кичево.

На истиот факултет, со интерна распределба на предмети, утврдена со одлука од деканската управа на Правниот факултет Кичево, кандидатот е задолжен да **предава повеќе предмети на прв и втор циклус на студии** и тоа:

2.2. На **прв циклус студии** од областите Судски систем и Казнено право ги предава предметите:

2.2.1) **Судски систем** во траење од три часа неделно во шести семестар на Дисперзирани студии во Струга во учебната 2017/2018 година,

2) **Казнено право** во вкупно траење од девет часа неделно во трет семестар и тоа по три часа неделно на студиите во Кичево, Битола и Струга во учебната 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година

3) **Казнено процесно право** во вкупно траење од девет часа неделно во шести семестар и тоа по три часа неделно на студиите во Кичево, Битола и Струга во учебната 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 и 2016/2017 година и

4) **Казнено право – применета програма** во вкупно траење од девет часа неделно во осми семестар и тоа по три часа неделно на студиите во Кичево, Битола и Струга во учебната 2016/2017 година

2. Менторски и заедно со асистент м-р Ивона Шушак е задолжен и со предметите **Меѓународно казнено право** (од 2013 до 2018 година) и **Малолетничко казнено право** (од 2016 до 2018 година);

2.3. На **втор циклус студии** и тоа:

2.3.1. На **студии 4+1** ги предава предметите:

а) **Организиран криминал** во вкупно траење од 16 часа во една учебна година и тоа осум часа на Правниот факултет во Кичево и осум часа на Дисперзираните студии во Битола во учебната 2014/2015 година (заедно со Вонред. проф. д-р. Арсе Петрески), во учебната 2015/2016 и 2016/2017 (заедно со Проф. д-р. Светлана Николоска) и во учебната 2017/2018 година (заедно со Доц. д-р. Ангелина Станојоска)

б) **Компаративно казнено право** во вкупно траење од 16 часа во учебната 2017/2018 година и тоа по осум часа на Правниот факултет во Кичево и осум часа на Дисперзирани студии во Битола. Предметот го предава со поделен фонд на часови со Доц. д-р. Ангелина Станојоска и

в) **Виктимологија** во вкупно траење од 16 часа во учебната 2017/2018 година и тоа по осум часа на Правниот факултет во Кичево и осум часа на Дисперзирани студии во Битола. Предметот го предава со поделен фонд на часови со Доц. д-р. Ангелина Станојоска

2.3.2. На **студии 3+2 и 3+1** ги предава предметите:

а) **Казнено – процесно право** во вкупно траење од 16 часа во учебната 2017/2018 година и тоа по осум часа на Правниот факултет во Кичево и осум часа на Дисперзирани студии во Битола. Предметот го предава со поделен фонд на часови со Доц. д-р. Ангелина Станојоска;

б) **Трговија со луѓе** во вкупно траење од 16 часа во учебната 2017/2018 година и тоа по осум часа на Правниот факултат во Кичево и осум часа на Дисперзирани студии во Битола. Предметот го предава со поделен фонд на часови со Доц. д-р. Ангелина Станојоска;

в) **Малолетничко казнено право** во вкупно траење од 16 часа во учебната 2017/2018 година и тоа по осум часа на Правниот факултат во Кичево и осум часа на Дисперзирани студии во Битола. Предметот го предава со поделен фонд на часови со Доц. д-р. Ангелина Станојоска и

г) **Криминалистика** во вкупно траење од 16 часа во учебната 2017/2018 година и тоа по осум часа на Правниот факултат во Кичево и осум часа на Дисперзирани студии во Битола. Предметот го предава со поделен фонд на часови со Доц. д-р. Ангелина Станојоска.

д) **Казнена политика на судовите** во вкупно траење од 16 часа во учебната 2017/2018 година и тоа по осум часа на Правниот факултат во Кичево и осум

часа на Дисперзирани студии во Битола. Предметот го предава со поделен фонд часови со Вонр. проф. д-р. Светлана Вељаноска.

**3. Резултати од спроведена самоевалуација**

Резултатите од спроведената самоевалуација, односно резултатите од анкетирањето на студентите, потврдуваат дека студентите позитивно го вреднуваат односот на кандидатот кон наставата и кон другите наставни обврски во реализацијата на наставно-образовната дејност со висока просечна оценка 4.62 (по предметот Казнено право) и висока просечна оценка 4.44 (по предметот Казнено процесно право), што е најдобар показател за исклучително високиот квалитет и ангажман на кандидатот во успешното спроведување на наставно – образовната дејност.

СТУДЕНТСКА АНКЕТА ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ НА АКАДЕМСКИ КАДАР
ЗА АКАДЕМСКАТА 2015/2016 ГОДИНА
ПО ПРЕДМЕТОТ <u>КАЗНЕНО ПРАВО</u>

**I. Квалитет на настава Просечна оценка**
1. Наставникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата: 4.73
2. Наставникот за време на предавањата е посветен и предизвикува интерес кај студентите: 4.73
3. Наставникот користи интерактивни методи на настава и ги мотивира студентите за вклучување во наставниот процес: 4.65
4. Наставникот стимулира дополнителна активност на студентите: 4.50
5. Дополнителните активности се во функција на зголемување и продлабочување на знаењата од предметот: 4.46
6. Предметната програма ги прошири и продлабочи вашите знаења: 4.50
7. Фондот на часови за предавање и вежби е соодветен на обемот и тежината на предметната програма: 4.38

**II. Редовност**
8. Наставникот редовно ја изведува наставата: 4.88
9. Наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка: 4.77

**III. Однос кон студентите**
10. Личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво: 4.81

**IV. Оценување**
11. Наставникот објективно ги оценува резултатите од работата на студентите: 4.58
12. Содржината и структурата на испитните прашања овозможуваат објективно да се оцени нивото на совладаност на материјалот: 4.58
13. Предметната програма е современа, овозможува стекнување со квалитетни и применливи знаења и вештини: 4.58

**V. Литература**
14. За предметот постои соодветна основна и дополнителна литература: 4.42
15. Испитните прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература: 4.69
16. Обемот, содржината и тежината на предметната програма кореспондира со профилот на студиската програма: 4.65

**Вкупна просечна оценка:4.62**

СТУДЕНТСКА АНКЕТА ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ НА АКАДЕМСКИ КАДАР
ЗА АКАДЕМСКАТА 2015/2016 ГОДИНА
ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО

**I. Квалитет на настава Просечна оценка**
1. Наставникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата: 4.80
2. Наставникот за време на предавањата е посветен и предизвикува интерес кај студентите: 4.60
3. Наставникот користи интерактивни методи на настава и ги мотивира студентите за вклучување во наставниот процес: 4.50
4. Наставникот стимулира дополнителна активност на студентите: 4.20
5. Дополнителните активности се во функција на зголемување и продлабочување на знаењата од предметот: 4.40
6. Предметната програма ги прошири и продлабочи вашите знаења: 4.30
7. Фондот на часови за предавање и вежби е соодветен на обемот и тежината на предметната програма: 4.50

**II. Редовност**
8. Наставникот редовно ја изведува наставата: 5.00
9. Наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка: 4.40

**III. Однос кон студентите**
10. Личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво: 4.70

**IV. Оценување**
11. Наставникот објективно ги оценува резултатите од работата на студентите: 4.20
12. Содржината и структурата на испитните прашања овозможуваат објективно да се оцени нивото на совладаност на материјалот: 3.90
13. Предметната програма е современа, овозможува стекнување со квалитетни и применливи знаења и вештини: 4.30

**V. Литература**
14. За предметот постои соодветна основна и дополнителна литература: 4.40
15. Испитните прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература: 4.50
16. Обемот, содржината и тежината на предметната програма кореспондира со профилот на студиската програма: 4.30

**Вкупна просечна оценка:4.44**

**4. Учество во работни тела и комисии на Универзитетот и Факултетот**

Кандидатот Доц. д-р Никола Тунтевски учествува во повеќе работни тела и комисии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ и на Правниот факултет во Кичево и тоа:

- На 147-та Конститутивна седница на Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, одржана на 23.11.2016 година, верификуван е мандатот како **Сенатор** од Правниот факултет Кичево со траење до 23.11.2020 година;
- Со одлука бр. 14-1739/1 од 04.12.2017 година, беше определен за **член на Комисијата за анализа на новиот закон за високо образование,** формирана како советодавно тело при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола;
- **Член на Наставно – научен совет** на Правен факултет - Кичево за прв циклус на студии и на **Наставнички совет** за втор циклус на студии;
- **Ментор или член на комисија за изработка и одбрана на дипломски трудови** за повеќе студенти од прв циклус студии;

- **Ментор за изработка на магистерски трудови** во втор циклус студии на седум кандидати, кои успешно ги одбраниле истите. Во моментот на избор, кандидатот е ментор на уште осум кандидати, за кои постапката за прифаќање и одбрана на нивните магистерски трудови е во тек;
- **Претседател или член на комисија** за изработка и одбрана на магистерски трудови за 29 студенти од втор циклус студии и тоа за 11 студенти како претседател на комисија, а за 18 студенти како член на комисија;
- **Претседател на Рецензентски комисии за избор на асистенти –докторанти** на Правниот факултет во Кичево и тоа м-р Пакиза Туфекџи и м-р Ивона Шушак по предметот Казнено право
- **Претседател на Рецензентска комисија за избор на Доцент** за д-р Ангелина Станојоска, по предметот Криминологија и
- **Член на Рецензентска комисија за избор на Доцент** за д-р. Тоше Панов по предметот Казнено право на МИТ Универзитет Скопје
- **Претседател или член на Комисии** за комисиско полагање на испити;
- **Член на комисии** за прием на студенти на Прв циклус студии на Правен факултет Кичево – Дисперзирани студии во Битола во учебните 2014/2015 и 2015/2016 година;
- **Претседател на Комисија за попис** на инвентар и основни средства на Правен факултет Кичево – Дисперзирани студии во Битола;
- Кандидатот има дадено едно **мислење по Авторезиме** за изработена и успешно одбранета докторска дисертација на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.
- Кандидатот има дадено и осум **извештаи со рецензии за научни трудови**, од кои две по барање на Факултетот за безбедност од Скопје и шест по барање на Правниот факултет во Битола

**5. Научно - истражувачка и стручно - апликативна активност**

***5.1.* Учество во обуки, дебати и работилници**

Доц. д-р. Никола Тунтевски учествувал на повеќе семинари во земјата и во странство, на кои бил предавач со свои излагања. Како позначајни се следните учества:

***5.1.1. До избор во доцент во 2013 година:***

- Тренинг програми во организација на Американската Амбасада за кривични дела од областа на перење пари и трговија со луѓе во 2002 и 2003 година
- Учество на обуки од областа на индустриската сопственост и авторските права, меѓународното хуманитарно право, полициски менаџмент и слично
- Учество како предавач на бројни симпозиуми во организација на невладините организации „Семпер“ (во Битола, Гевгелија и Струмица), „Виа Вита“, Јавна установа Центар за социјална работа од Битола, Здружението за превентивна работа за деца и млади – група „Феликс“ во текот на 2004 и 2005 година

***5.1.2.После избор во доцент во периодот од 2013 година до месец Март 2018 година:***

- Тркалезна маса: Ќе има ли свиркачи на Универзитетите? Можностите на Законот за заштита на укажувачите и спречување на корупцијата во високото образование во РМ, Институт за стратешки истражувања и едукација, финансиран од Европската Унија, Битола 14.12.2016 година

- Организатор и главен координатор на дебата на тема „Судската независност во САД и Република Македонија", во соработка меѓу Американската амбасада во Скопје и Правен факултет Кичево на 11.05.2017 година на Правен факултет Кичево – Дисперзирани студии во Битола, каде кандидатот настапи со свое предавање на тема „Судската независност во Република Македонија"
- Универзитетска интерна конференција на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Септември 2017 година во Крушево
- Меѓународна конференција „Моќта на знаењето" во Септември 2017 година во Агија Тријада, Република Грција
- International Conference "Inter regional developments in geographical, historical, social, economic and cultural focus." 03.11.2017, Korca, Albania
- Меѓународна конференција „Образованието на крстопат" во Ноември, 2017 година во Битола, Република Македонија
- Меѓународна конференција „Знаењето – капитал на иднината" во Декември, 2017 година во Банско, Република Бугарија
- Меѓународна конференција „Знаење без граници" во Март 2018 година во Врњачка Бања, Република Србија
- Бројни работилници, дебати и обуки, организирани на Правниот факултет Кичево – Дисперзирани студии во Битола

**5.2. Обуки во странство:**

- Конференција и обука за борба против организираниот криминал во Сиракуза, Република Италија, во 2002 година;
- Регионалната конференција за сузбивање на трговија со луѓе во Темишвар, Република Романија, во Мај 2003 година во организација на ОПДАТ, каде настапи со свое излагање на наведената тема пред учесниците на конференцијата, со посебен осврт на состојбите во Република Македонија;
- Регионалната тренинг програма за спречување на криумчарење мигранти и илегална миграција во Полициската академија на Република Турција, во Анкара, во 2004 година.

**5.3. Учество во проекти:**

- ТЕМПУС проект за напреден тренинг за борба против организираниот криминал во 2002 година
- Од 2011 година кандидатот бил вклучен како едукатор во проект, поврзан со примарната обука во врска со новиот Закон за кривичната постапка, во организација на Академијата за обука на судии и обвинители, Амбасадата на ОБСЕ и Американската амбасада во Скопје, кој заврши во Декември 2012 година, каде учествувал со свои предавања, за што има добиено повеќе сертификати дека како едукатор придонел за успешно завршување на наведените обуки,
- Од Април 2013 година, именуваниот бил вклучен како едукатор во проект за специјализирани обуки за новиот Закон за кривичната постапка, во организација на Академијата за обука на судии и обвинители, Амбасадата на ОБСЕ и Американската амбасада во Скопје, при што држел предавања во делот на истражната постапка до крајот на 2014 година,
- Кандидатот од 2015 година е вклучен во проектот „Денови на симулирано судење", во организација на Правниот факултет во Штип и Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. Во Декември 2016 година на првиот натпревар за симулирани судења според Законот за кривичната постапка со тим од студенти и како нивен ментор, во

конкуренција од сите државни Правни факултети во Република Македонија, **го освојуваат првото место на проектот „Денови на симулирано судење“**, за што кандидатот и екипата од студенти од организаторот на проектот добиваат пехар и плакета за освоено прво место, како и благодарница од Правниот факултет Кичево,

- Исто така, кандидатот е вклучен во проектот „Денови на симулирано судење“ и во 2017 и во 2018 година,
- Именуваниот е вклучен и во повеќе други проекти за работа со студенти и средношколци.

## 6. Список на објавени научни и стручни трудови

### *6.1. До избор во доцент во 2013 година:*

- „(Не-) довербата на цивилното во политичкото општество, како причина за (не-) стабилност на целото општество“, објавен во периодичното издание на Македонското научно друштво од Битола во 2009 година
- „Феноменот на центрипетализам“, објавен во списанието „Его“ во 2009 година
- „Постсоцијализмот-транзиција или трансформација“, објавен во списанието „Его“ во 2009 година
- „Елитите и транзицијата“, објавен во списанието „Его“ во 2009 година
- „Заробено општество“, објавен во списанието „Јавност“ во 2009 година
- „Одговорноста и постсоцијализмот“, објавен во списанието „Јавност“ во 2009 година
- „Корупцијата и недовербата“, објавен во списанието „Јавност“ во 2009 година
- „Поврзаност и разлики меѓу кривичното дело Криумчарење мигранти и Трговија со луѓе, со посебен осврт врз нивните организирани облици, предвидени во кривичното дело Организирање на група и поттикнување на овие кривични дела“ - излагање пред учесниците на обуките во организација на невладината организација „Семпер“ од Битола во 2004 година
- „Активностите на СВР Битола во спречување на кривичното дело Трговија со луѓе и кривичното дело Криумчарење мигранти - со презентација на случај“ - излагање пред учесниците на обуките во организација на невладината организација „Семпер“ од Битола во 2005 година
- „Состојби и ставови во Република Македонија, поврзани со кривичното дело Трговија со луѓе“ – излагање пред учесниците на регионалната конференција во Темишвар – Република Романија, одржана од 11-15.05.2003 година на тема “Трговија со луѓе“
- „Полициски извиди и други овластувања на полицијата и правосудната полиција согласно новиот Закон за кривичната постапка – со презентација на случај“ – предавања пред учесниците на базичните обуки за новиот Закон за кривичната постапка во 2011 и 2012 година, во организација на Академијата за обука на судии и обвинители и претставништвата на ОБСЕ и ОБДАТ во Република Македонија

### *6.2.После избор во доцент во периодот од 2013 година до месец Март 2018 година:*

- “Comparative legal aspects for availability of higher education for persons with special needs in the Balkan countries regarding the United States, the United Kingdom and the countries of the European Union – Conditions, opportunities and perspectives”, published in Knowledge International Journal Scientific Papers Vol. 19.2 with Global Impact Factor 1.322 (2016), promoted in Agia Triada, Greece, September 29, 2017

- “From the Balkans with Dexterity – the Contribution of the Balkan countries in dealing with the Global migrant and refugee crisis with a particular focus on the Republic of Macedonia”, International Scientific Conference “Interregional Developments in geographical, historical, social, economic and cultural focus”, Korca, Albania, November 3, 2017
- Availability of higher education for disabled persons in the Republic of Macedonia and other Balkan countries – from legal possibilities to real requirements”, International Scientific Conference “The Education at the crossroads”, Bitola, 10-11th November 2017
- “The role of the Bail as a measure to provide presence of persons in the Criminal procedure – from legal possibilities to real needs”, published in Knowledge International Journal Scientific Papers Vol. 20 with Global Impact Factor 1.322 (2016), promoted in Bansko, Bulgaria, December 17, 2017
- “Eligibility of precaution measures from the influence of basic principles of criminal procedure – Advantages and disadvantages of the security measures related to the Detention”, published in International Journal Scientific Papers Vol. 20 with Global Impact Factor 1.322 (2016), promoted in Bansko, Bulgaria, December 17, 2017
- “(Dis-) Trust between the Government and the citizens as the Cause of (dis-) stability of the society”, published in Knowledge International Journal Scientific Papers Vol. 22 with Global Impact Factor 1.322 (2016), promoted in Vrnjacka Banja, Serbia, March 16, 2018

***5.1.3. Објавени учебни помагала и други активности***

- „Казнено процесно право – прв и втор дел“ – скрипта за студенти од прв циклус студии на Правен факултет Кичево, 2014 година
- „Правните лица во казненото право“ и „Казнено право за децата“ – скрипти за студенти од прв циклус студии на Правен факултет Кичево, 2014 година
- „Организиран криминал“ – скрипта за студенти од втор циклус студии на Правен факултет Кичево, 2015 година
- „Мерки на претпазливост “, „Гаранција“ и „Увид и реконструкција“ – предавања пред учесниците на специјализираните обуки за новиот Закон за кривичната постапка во 2013 и 2014 година, во организација на Академијата за обука на судии и обвинители и претставништвата на ОБСЕ и ОБДАТ во Република Македонија

## 7. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложената документација од кандидатот Доц. д-р Никола Тунтевски, согласно предвидените законски и други релевантни услови и критериуми за избор во наставно - научно звање, Комисијата е единствена во својата констатација дека кандидатот Доц. д-р Никола Тунтевски во целост ги исполнува условите за избор во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР што се предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, наставни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ -Битола.

Во овој контекст, Комисијата констатира дека кандидатот Доц. д-р. Никола Тунтевски постигнал забележителни резултати во наставно - образовната, научно-истражувачката и стручно - апликативната дејност.

**Во делот на наставно – образовната дејност** комисијата констатира дека и покрај тоа што Доц. д-р Никола Тунтевски во 2013 година бил избран во звањето Доцент по предметот „Вовед во правото“, истиот во периодот од Јануари 2014 година до денот на

објавување на огласот за избор на наставник во сите наставно – научни звања по предметот „Вовед во правото“, со одлука за интерна распределба на наставните предмети од страна на деканската управа на Правниот факултет Кичево, кандидатот бил задолжен да предава повеќе предмети на прв и втор циклус на студии од областите Судски систем и Казнено право на Правниот факултет во Кичево и во дисперзираните студии во Битола и Струга, наведени погоре. При вршењето на наставно - образовната дејност, Доц. д-р Никола Тунтевски се истакнува со исклучително одговорно, професионално и посветено исполнување на обврските, негувајќи принципиелен, објективен и коректен однос кон студентите, што се потврдува со добиените високи оценки од извршената самоевалуација.
Исто така, кандидатот во изминатиот период постигнува извонредни резултати **во доменот на научно - истражувачката работа**. Тој има објавено респектабилен број на научни и стручни трудови во научни списанија и публикации во земјата и странство. Во истите, кандидатот научно обработува мошне значајни општествени и пред сé правни и теоретски теми, кои се однесуваат на остварувањето на правата на граѓаните пред државните институции, пред сé - пред институциите на правосудниот систем, како и на потребата од соодветна институционална, но и цивилна контрола врз судството и другите државни органи во исполнувањето на нивните задачи, со што ќе се усогласи функционирањето на правната држава со заштитата на човековите слободи и права, што е и основната содржина на воведните правни науки, пред сé на Воведот во правото. Во тој правец, во дел од неговите научни трудови кандидатот посебно внимание посветува на правата и слободите на граѓаните во областа на казненото право и казнената постапка, каде моќта на државата најмногу доаѓа до израз и предлага соодветни законски решенија, кои ќе бидат во согласност со меѓународните акти за заштита на граѓанските и човековите слободи и права, кој е дел од Воведот во правото. Со тоа кандидатот постигнал успешен спој на научна анализа на човековите права, не само од аспект на казненото право, како област која ја предава, туку и од поширок општествен светоглед, а во рамките на воведните правни науки - Вовед во правото. Во друг дел од неговите научни трудови, кандидатот ги анализира правата на ранливите категории на граѓани, како што се лицата со посебни потреби и законските можности за нивно вклучување во образовниот процес, посебно во делот на високото образование. Поради сето ова, комисијата е на мислење дека во неговите научни трудови, кандидатот задира во различни општествени области и ги анализира од правен аспект, а во насока на унапредување на човековите права. Во контекст на тоа, кандидатот учествува на забележителен број меѓународни конференции и конгреси и активно е вклучен во реализацијата на голем број проекти, обуки, семинари и други активности.
Освен тоа, треба да се потенцира дека Доц. д-р Никола Тунтевски активно учествува во повеќе комисии и работни тела на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ и Правниот факултет во Кичево, рецензентски комисии, во комисии за оценка и одбрана на дипломски и магистерски трудови и дава значаен придонес во оспособување на помладите кадри на Факултетот.
Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно – научниот совет на Правниот факултет Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да го прифати овој Извештај и **да го избере д-р Никола Тунтевски во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР во научната област „Вовед во правото“ (50800)**.

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Димитар Бајалџиев – претседател, с.р.
2. Проф. д-р Миодраг Мицајков – член, с.р.
3. Проф. д-р Борче Давитковски – член, с.р.